ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА РАСПРАВА

по Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација

Агенцијата за електронски комуникации на ден 04.05.2014 година на својата веб страна објави јавна расправа по Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација во согласност со член 13 од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на РМ бр.39/2014). Со отворената јавна расправа се повикува сите заинтересирани субјекти да ги достават своите мислења, гледишта и ставови по предметот на јавната расправа што беше отворена заклучно со 04.05.2014 година.

Во Предлог Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација Агенцијата предложи изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр.02-2010/2 од 15.04.2011 година на начин што во членот 3 точка б) точката 13 се менува и гласи: „Услуга за пренос на програмските содржини преку дигитална терестријална платформа со слободен пристап на крајните корисници".

Во согласност со одредбите од членот 76 и членот 80 од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на РМ бр.39/2014), а имајќи ја предвид спроведената анализа на пазарот за пазарот за пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници, чиј финален документ е објавен на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата се утврди дека постои големопродажен пазар кој подлежи на ex-ante регулација на кој се обезбедува услугата за пренос на програмски содржини преку дигитална терестријална платформа со слободен пристап на крајни корисници. Големопродажниот пазар на услугата за пренос на програмските содржини преку дигитална терестријална платформа со слободен пристап на крајните корисници не кореспондираше со описот на Пазар 13- пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници од Одлуката за утврдување на релевантни пазари бр. 02-5015/1 од 23.09.2010 и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр.02-2010/2 од 15.04.2011 година.

Имено, со анализата се утврди дека во однос на видот на пристапот за прием на програмската содржина од страна на крајниот корисник, големопродажниот пазар за пренос на програмски содржини до крајни корисници е сочинет од два два големопродажни пазари на кои што се обезбедуваат следните услуги и тоа:

1. големопродажен пазар за услугата за пренос на програмски содржини до крајни корисници (преку различни видови на платформи:кабелска аналогна и дигитална-DVB-C,DVB-S, DVB-T и IPTV) за кои крајниот корисник плаќа месечен надомест на операторот за прием на програмската содржина – пазар со условен пристап
2. големопродажен пазар за пренос на програмски содржини до крајни корисници (преку дигитална терестријалната платформа) за кој крајниот корисник не плаќа месечен надомест на операторот за прием на програмската содржина– пазар со слободен пристап.

Со анализата Агенцијата констатираше дека големопродажниот пазар за услугата пренос на програмски содржини до крајни корисници со условен пристап за прием на програмските содржини не треба да биде предмет на ex ante регулација. Сите три критериуми во согласност со член 80 став (2) од Законот за електронските комуникации

(Службен Весник на РМ бр.39/2014) не се исполнети. Според тоа, на овој пазар нема да се применува ex-ante регулација. Дополнително, Агенцијата констатираше дека на големопродажен пазар за пренос на програмски содржини до крајни корисници (преку дигитална терестријалната платформа) за кој крајниот корисник не плаќа месечен надомест на операторот за прием на програмската содржина– пазар со слободен пристап се исполнети трите критериуми во согласност со член 80 став (2) од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на РМ бр.39/2014) за примена на ex-ante регулација. Големопродажниот пазар за услугата за пренос на програмски содржини преку дигитална терестријална платформа со слободен пристап на крајните корисници за прием на програмските содржини ќе биде предмет на ex-ante регулација.

Во определениот законски рок,. на адресата на Агенцијата не пристигнаа мислења и коментари од заинтересираните страни.

Финалната Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација, донесена од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на член 24 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на РМ бр.39/2014) ќе биде објавена на веб страната на Агенцијата и Службен Весник на РМ.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации

Наш број 0307-1276/1
Скопје, 07.05.2014 година

Раководител на сектор за правни работи
Бојана Стефановска

Раководител на сектор за анализа на пазар
Марјан Пејовски

Советник за правни работи
Лилјана Денковска

Советник за анализа на пазар
Владимир Ристевски

Шеф на кабинет
Елизабета Двојакова

Директор
Роберт Ордоноски

Република Македонија Агенција за електронски комуникации Скопје